РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА
ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
Број 0711
Датум 25.06.09 200 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ-БАС
Бр. 01-40/02
07.08. 2009 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 32 и член 71 став 2, алинеа 4 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија", број 35/2008), Одборот за акредитација на 17-та седница, одржана на 25.06.2009 година донесе

## РЕШЕНИЕ

**за акредититација на студиската програма по МБА стратегиски менаџмент втор циклус на Приватната самостојна висока стручна школа „Бизнис академија Смилевски – БАС" во Скопје**

1.Се акредитира двегодишни стручни студии по Бизнис менаџмент на Приватната самостојна висока стручна школа „Бизнис академија Смилевски – БАС" во Скопје, врз основа на исполнетоста на условите согласно Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.33/03 и усогласена со Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија", број 25/08 и 103/08 и бр.26/09) .

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за втор циклус на студии по стратегиски менаџмент, во траење од две години.

3. По завршените студии од втор циклус, се стекнува со звањето МБА специјалист по стратегиски менаџмент.

4. Приватната самостојна висока стручна школа „Бизнис академија Смилевски – БАС" во Скопје, е должна во целост да го реализира Елаборатот од точка 1 на ова решение по однос на исполнетоста на условите за вршење на високообразовна дејност во согласност со Законот за високото образование, Правилникот за нормативите и стандардите за

основање на високообразовни установи и Класификацијата на научни подрачја, полиња и области на истражувања, структурирани според стандардите на ОЕЦД.

5.Членовите на Одборот за акредитација одлуката за акредитација ја донесоа едногласно.

6. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Приватната самостојна висока стручна школа „Бизнис академија Смилевски – БАС“ во Скопје, поднесе барање и достави елаборат до Одборот за акредитација на високото образование за прифакање и акредитација на стручни студии по Стартегиски менаџмент.

Одборот за акредитација на својата 16. седница одржана на 19.06.2009 година формира експертска комисија која подготви експертски извештај и го достави до членовите на Одборот за акредитација.

Одборот за акредитација на високото образование на својата 17. седница одржана на 25.06.2009 година, по разгледување на доставениот елаборат, приложената документација и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ОДБОРОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**Проф. д-р Михаил Петковски**